# ЗАПИСНИК

Од одржаната 51-ва седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 29.07.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни 8 (осум) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата не присуствуваше советникот Љупчо Петровски.

Гостин на седницата беше Андреј Наумовски претседател на МГА.

На седницата беа присутни Оливера Димитровска – раководител, Анета Киселоска-раководител и Николина Лозановска- советник.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 50-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување на 23 Барања доставени на Јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично од Буџетот на Општина Новаци за 2024 година ;
3. Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства за период од 01.07.2023 до 29.02.2024 год. од ЗФК „Новаци 2005“;
4. Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства за период од 16.04.2024 до 29.05.2024 год. од ЗФК „Новаци 2005“;
5. Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства за период од 30.05.2024 до 05.06.2024 год. од ЗФК„ Новаци 2005“;
6. Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. на ЗФК „Новаци 2005“;
7. Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. ( младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“;
8. Разгледување на барање од ЗФК Новаци 2005 за фарбање на соблекувална во фудбалско игралиште;
9. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 51-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни. Нејзиниот предлог е на почетокот на седницата да се разгледуваат точките со бр. 1, 3, 4 и 5. Исто така предложи Дневниот ред да се дополни со 2 (две) точки, кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година;

2. Разгледување на Барање од Здружение за младински активизам „Младинска граѓанска акција“ за кофинансирање на проектот „Потпри се на младите“, наменети за опремување на МКЦ – Новаци.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **<u>8 гласа за</u>** го прифатија Дневниот ред на 51-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањата е составен од 11 (единаесет) точки, со тоа што точката бр. 9 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 11.

**1 точка** <u>Разгледување и усвојување на Записникот од 50-та седница на Совет на Општина Новаци;</u>

По разгледувањето, Записникот од 50-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>8 гласа за</u>**.

**3 точка** <u>Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства за период од 01.07.2023 до 29.02.2024 год. од ЗФК „Новаци 2005“;</u>

По однос на третата точка, Советот детално го разгледа Извештајот, што ЗФК „Новаци 2005“ го достави за потрошени финансиски средства во износ од 6.037.166,00 денари, по што се разви дискусија. Пред точката да се стави на јавно гласање, еден од советниците јасно стави до знаење дека нема да учествува во гласањето на точките 3, 4, и 5.

Советот на Општина Новаци со **<u>6 гласа за и 1 глас воздржан</u>** донесе Заклучок за усвојување на Извештај од ЗФК „Новаци 2005“ од Новаци, за потрошени финансиски средства за период 01.07.2023г. до 29.02.2024 год.

**4 точка** <u>Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства за период од 16.04.2024 до 29.05.2024 год. од ЗФК „Новаци 2005“;</u>

Советниците го разгледаа Извештај од ЗФК„ Новаци 2005“ за потрошени финансиски средства во износ од 1.500.000,00 денари, доделени од „Стентон Градба“ ДООЕЛ Битола, по основ на позајмица.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **<u>6 гласа за и 1 глас воздржан</u>** донесе Заклучок за усвојување на Извештај од ЗФК „Новаци 2005“ од Новаци, за потрошени финансиски средства за период 16.04.2024г. до 29.05.2024г.

**5 точка** <u>Разгледување на Извештај за потрошени финансиски средства за период од 30.05.2024 до 05.06.2024 год. од ЗФК„ Новаци 2005“;</u>

Советот на Општина Новаци го разгледа Извештај за потрошени финансиски средства во износ од 457.5000,00 денари, за период од 30.05.2024 до 05.06.2024 год. што ЗФК „Новаци 2005“ им го достави на советниците.

По кратката дискусија Советот гласаше, така што со **<u>6 гласа за и 1 глас воздржан</u>** донесе Заклучок за усвојување на Извештај од ЗФК „Новаци 2005“ од Новаци, за потрошени финансиски средства за период 30.05.2024г. до 05.06.2024г.

Советот продолжи со работа така што ги разгледа двете дополнителни точки:

**9 точка** <u>Разгледување и донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година</u>.

Советот беше информиран дека е потребна пренамена на средствата од буџетот на Општина Новаци, од ставката реконструкција на улици, патишта и автопати, во ставката расходи за репрезентација во износ од 200.000,00 ден.

По разгледувањето и дискусијата Советот на Општина Новаци гласаше така што со **<u>8 гласа за</u>** донесе Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

**10 точка** Разгледување на Барање од Здружение за младински активизам „Младинска граѓанска акција“ за кофинансирање на проектот „Потпри се на младите“, наменети за опремување на МКЦ - Новаци.

Претседатетолт на МГА- Андреј Наумовски, пред Советот на Општина Новаци ја образложи потребата за доделување на финансиски средства во износ од 30.744,00 денари, кои ќе бидат искористени како кофинансирање во проект насловен „Потрпри се на младите“, со што ќе се овозможи опремување на Младинскиот културен центар во Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за за доделување на финасиски средства на Здружение за младински активизам „Младинска Граѓанска Акција“ Новаци

Претседателката на Советот на Општина Новаци, Г-ѓата Најдовска Стојковска, им предложи на советниците да прекинат со работа. Воедно нејзиниот предлог е разгледувањето на точките 2, 6, 7, 8 и 11 од Дневниот ред, да продолжи на 01.08.2024. во 12:00 часот .

Предлогот на Претседателката е прифатен со **8 гласа за**, со што продолжувањето на 51-та седница на Советот на Општина Новаци е закажана на 01.08.2024ч.( четврток) во 12:00 часот.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска